Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - Општина Гази Баба, бр.02-102/4 од 12.06.2019 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и шестата седница одржана на ден 11.07.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА КОМУНАЛНА УСЛУГА - ЗА ПРИКЛУЧОК НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА БУЛАЧАНИ И РАШТАК - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - Општина Гази Баба, бр.02-102/4 од 12.06.2019 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак - висока зона - Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/18).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2691/12**
**од 11.07.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**